РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 05-1342/15
03.11.2023 год.
Василево

Агенција за Интелектуална сопственост
АРТПИЦК ДООЕЛ
Бр. 05-2644
03.11.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда по оглас број 18758/2023 на Градоначалникот Славе Андонов на ден 03.11.2023 се склучува:

**ДОГОВОР**

Помеѓу:

**1. Општина Василево**, со седиште с. Василево бб, претставувана од Градоначалникот Славе Андонов, од една страна како корисник на услугите (во натамошниот текст: КОРИСНИК на услугата) и

**2. Агенција за интелектуална сопственост АРТПИЦК ДООЕЛ**, ул. Ј.Ј Свевштарот бр. 39/28 Скопје претставувано од Управител Сузана Настоска (во натамошниот текст: Давател на услугата).

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на Корисникот и Давателот на услугата, во врска со: *Услуги од авторска агенција за исплата на авторски надоместоци и други надоместоци* за потребите на Општина Василево, со седиште с. Василево бб.

**Член 2**

Давател на услугата се обврзува услугата од член 1 на овој договор да ја изврши согласно барањето и условите определени во Тендерската документација по оглас бр. 18758/2023 година, а во согласносност со поднесената понуда на економскиот оператор (крајна цена на провизијата), добиена по спроведена директна електронска аукција.

Исплатата на авторскиот надомест ќе биде во бруто сума која ќе ја исплати Корисникот, а во која се засметани персоналниот данок, манипулативните трошоци и ДДВ.

Давателот, се обврзува да му исплати автоски надомест на Авторот во нето износ добиен по спецификација доставена во писмена/електронска форма од страна на Корисникот. Исплатата се спроведува во рок од 24 часа по плаќање на фактурата по тој основ на жиро с-ката на Давателот на услугата.

Со склучувањето на овој договор, Давателот на услугата се обврзува да доставува до Договорниот орган (Корисник на услугата – Општина Василево) поединечен договор за секој автор, т.е за секое лице ангажирано за потребите на Корисникот како и да изготви фактура по доставено писмено барање од Општина Василево.

**Член 3**

Вкупната вредност на Договорот нема да надмине износ од 120.000 МКД без ДДВ или 141.600 МКД со пресметан ДДВ. Корисникот се обврзува за извршената услуга од член 1 на овој Договор на Давателот на услугата да му исплати провизија, а согласно понудата добиена и прифатена по спроведената директна електронска аукција на Давателот, во висина од 0,35% од бруто износот на авторскиот надомест, како и ДДВ.

**Член 4**

Корисникот се обврзува на Давателот да ја плати фактурата во рок од 30 дена на жиро – сметката на Давателот на услугата, по извршувањето на секоја поединечна услуга.

**Член 5**

Договорните страни се обврзуваат доследно да се придржуваат до одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

За се што не е регулирано со овој Договор, важат одредбите од соодветните законски прописи.

**Член 6**

Реализација на Договорот почнува од денот на неговото склучување. Неговата важносте престанува со истекот на 12 месеци од денот на склучување на Договорот за јавна набавка.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, по два за секоја од договорените страни.

**Член 8**

Сите евентуални спорови договорените страни ќе ги решаваат меѓусебно и спогодбенао, а во спротивно ќе го решава судот од општа месна надлежност.

**КОРИСНИК на услугата:**
**Општина Василево**

Градоначалник Славе Андонов

**ДАВАТЕЛ на услугата:**
**Агенција за интелектуална сопственост**
**АРТПИЦК ДООЕЛ**

Сузана Настоска Управител